**Повик**

за пријавување за учество

на студентскиот moot court натпревар по меѓународно право

**Philip C. Jessup**

за академската 2026-2027 година

Меѓународниот натпревар Philip C. Jessup е најстариот и најголемиот студентски moot court натпревар по меѓународно право во светот. Натпреварот се одржува 65 години по ред, а на него годишно учествуваат преку 700 правни факултети од целиот свет, па затоа организаторите го нарекуваат „студентска правна олимпијада". Натпреварот претставува симулација на случај помеѓу две држави пред Меѓународниот Суд на Правдата и има писмен и усен дел. Усните рунди, следната година ќе се одржат во **Торонто, Канада** (инаку секогаш досега биле во Вашингтон, САД), а претходното се одржуваат и Европски подготвителни рунди.

За учество на натпреварот, зантересираните студенти **потребно** е:

- да имаат статус на студент (од прв или втор циклус на студии) во учебната 2026-2027 година, и
- одлично да владеат со англискиот јазик

**Рокот** за пријавување е 15.08.2026 година.

Заинтересираните студенти, кои ги исполнуваат горните два услови, треба да испратат е-мејл до проф. д-р Љупчо Стојковски на lj.stojkovski@pf.ukim.edu.mk , по што ќе им бидат испратени дополнителни насоки и материјали за подготовка за средбата за селекција.

Селекцијата на кандидатите ќе се одржи на крајот на Август/почетокот на Септември 2026 година.